# ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР

Поттикнувач за подлабоки регионални економски интеграции и важен чекор кон единствениот пазар на Европската унија

## Западен Балкан
## Еден регион, еден пазар

#ЕденРегионЕденПазар
#ЗаедничкиРегионаленПазар
#ПосилниЗаедно
#CRM21_24

#OneRegionOneMarket
#CommonRegionalMarket
#StrongerTogether
#CRM21_24

**ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР**

- Регионална област за инвестиции
- Слободно движење на стоки и услуги
- Регионална индустриска и иновативна област
- Слободно движење на луѓе
- Регионална дигитална област
- Слободно движење на капитал

=

**ПОПРИВЛЕЧЕН И ПОКОНКУРЕНТЕН ЗАПАДЕН БАЛКАН, ПОБЛИЗОК ДО ПАЗАРИТЕ НА ЕУ**

## ПОВОЛНОСТИ

**1** Повеќе работи и подобри работи + поголем избор по пониски цени!





**3** Интегрираниот пазар од 18 милиони луѓе е поконкурентен на глобалната сцена и на сцената на ЕУ од шесте помали!

**2** Олеснето патување, работење, студирање и деловно работење во регионот, без бариери!





**4** На регионот може да му донесе дополнителен раст на БДП од 6.7%!

**ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР е за**

Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

RegionalCooperationCouncil

This project is funded by the European Union

CEFTA Central European Free Trade Agreement

* Ова име на прејудицира ставови за статусот и во согласност е со Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите Нации 1244/1999 и Одлуката на Меѓународниот суд за правда за косовската декларација за независност.

## РЕГИОНАЛЕН ТРГОВСКИ ПРОСТОР: слободен проток на стоки, услуги, капитал и луѓе –> отстранување на пречки и намалување на трошоци и време потребно стоката, услугите, капиталот и луѓето слободно да се движат низ целиот регион

- Намалување на времето на чекање на границите на 70% –> #ЗелениКоридориЗелениЛенти во рамките на шесте економии на Западниот Балкан и со ЕУ
- Отстранување на пречките за работните дозволи  за трансферите во компаниите и давателите на услуги, вклучително и избрани професии меѓу сите економии на Западниот Балкан
- Воспоставување на регионален пазар за е-трговија
- Слободно движење низ Западен Балкан со лична карта
- Дипломи / сертификати и професионални квалификации признати низ целиот регион
- Пониски банкарски такси за плаќања и пренос на пари помеѓу шесте економии на Западен Балкан

## РЕГИОНАЛЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ПРОСТОР – промовирање на регионот како единствена инвестициска дестинација

- Подобри инвестициски политики засновани на стандардите на ЕУ –> привлекување најмалку на 100 нови потенцијални инвестиции во перспективни одржливи регионални синџири на вредност

## РЕГИОНАЛЕН ДИГИТАЛЕН ПРОСТОР – пристапување кон пан-европскиот дигитален простор

- Пристап кон побрз интернет за повеќето домаќинства во рамките на Западен Балкан до 2024
- Пониски цени на роаминг со ЕУ
- Индустриски градови во шесте економии на Западен Балкан опфатени со 5G мрежата

## РЕГИОНАЛЕН ИНДУСТРИСКИ И ИНОВАЦИСКИ ПРОСТОР – подобрување на индустриската и иновациска инфраструктура, меѓу другото, како би се поддржале малите и средни претпријатија и како би се поврзале добавувачите со компаниите со цел одржлив економски развој

- Подобрување на индустриската и иновациската инфраструктура –> поддршка на регионалните мали и средни претпријатија и полесен пристап кон изворите на финансирање
- Овозможен пристап на меѓународните пазари за малите и средни претпријатија
- Транзиција на традиционалните индустриски економии во зелена и циркуларна економија
- Вклучување на иновациите од шесте економии на Западниот Балкан во европските синџири на добавувачи
- Развој на регионалната автомобилска индустрија и на земјоделско-прехрамбената индустрија
- Развој на туризмот –> Промовирање на Западниот Балкан како регионална туристичка дестинација

*Во Економскиот и инвестицискиот план на Европската комисија јасно се наведува дека зајакнувањето на регионалната економска соработка и трговијата ќе го приближи Западен Балкан до единствениот пазар на ЕУ. Акциониот план за ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР е интегрален дел од пристапниот процес на регионот кон Европската Унија*

*Потребно е економиите на Западниот Балкан Акциониот план за ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР да го спроведат до 2024 година. Советот за регионална соработка и ЦЕФТА ќе бидат водечки регионални организации за помош на Западниот Балкан во примена на  Акциониот план, заедно со останатите регионални и меѓународни партнери, во согласност со нивното поле на работа.*

## ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР се потпира на резултатите од Повеќегодишниот акциски план за Регионалниот економски простор:

- Услугите за роаминг сега ги плаќаме од 86% до 96% помалку во рамките на целиот Западен Балкан
- Од јули 2021 цената за роаминг низ целиот Западен Балкан ќе биде 0
- Имаме свој Дигитален самит на Западен Балкан – повеќе можности за бизнисите и луѓето во дигиталната арена
- Трговијата со стоки е поголема за 25% –> Трговијата и транспортот на нашите производи (храна, лекови, итн.) се побрзи низ целиот Западен Балкан
- Можеме да ги продаваме или купуваме повеќето услуги во која било друга економија на Западен Балкан
- Директните странски инвестиции зголемени се за 35% од 2016 година.